# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **10.12. 2010 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 15** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за висина на средства за чистење на речно корито на река Periш**

Се објавува Одлуката за висина на средства за чистење на речно корито на река Периш бр. 0701 - 845, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година.

**Бр. 0801-844/2-1**
**10.12. 2010 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 34 став 1 точка 3 и член 123 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/2010), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**за висината на средства за чистење на речното корито на река Периш**

**Член 1**

За чистење на речно корито на река Периш да се одвојат средства од Буџетот на Општина Свети Николе во износ од 300.000,00денари.

**Член 1**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се употребат за ангажирање на Трговско друштво кое ќе изврши чистење на речното корито на река Периш со што ќе се спречат штетни последици за луѓето и имотот по течението на реката.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Свети Николе да склучи договор со Трговско друштво кое ќе ги изврши работите од член 2 на оваа Одлука во најкраток рок.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен галсник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701-845**
**10.12. 2010 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за формирање на**
**Комисија за проценка на штета**

Се објавува Решението за формирање на Комисија за проценка на штета бр. 0701 - 846, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година.

**Бр. 0801-844/2-2** **Градоначалник,**
**10.12. 2010 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ бр. 5/02), и член 143 од Законот за заштита и спасување , Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за проценка на штета**

1. За проценка на штети настанати од природни непогоди се формира Комисија во состав:

- Дарко Јованов – дги – претседател
- Фрањо Шкорвага – инж.агроном - член
- Трајче Кочиев – комунален инспектор - чле

2. Комисијата од член 1 на ова Решение има за задача да изврши проценка на штети настанати од природни непогоди и да изготви елаборат кој ќе го достави на усвојување на Советот на Општина Свети Николе.

3. Ова Решение стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701-846** **Совет на Општина Свети Николе**
**10.12. 2010 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година**

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година бр. 0701 - 847, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година.

**Бр. 0801-844/2-3** **Градоначалник,**
**10.12. 2010 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година**

Се објавува Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година бр. 0701 - 848, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година.

**Бр. 0801-844/2-4**
**10.12. 2010 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за дополнување на Програмата за изградба на локалната патна мрежа во Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за дополнување на Програмата за изградба на локалната патна мрежа во Општина Свети Николе бр. 0701 - 849, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 10.12. 2010 година.

**Бр. 0801-844/2-5** — **Градоначалник,**
**10.12. 2010 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на Законот за јавните патишта (,,Службен весник на РМ,, бр. 26/96,40/99,96/2000,29/02,член 36 од 29/02, член 36 од Законот за локалната самоуправа став 1 точка 15 и член 2 од Статутот на Општина Свети Николе, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 10.12.2010 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Програмата за изградба на локалната патна мрежа во Општина Свети Николе за 2010 година**

**Член 1**

Во програмата за реконструкција и изградба на локалната патна мрежа во Општина Свети Николе за 2010 година се врши дополнување.

**Член 2**

Во ставот 3 од програмата во предвидените патни правци под пројј три се додава нов патен правец - реконструкција на локален патен правец - горен строј од с. Ерџелија до с. Мустафино.

Останатите патни правци кои следуваат во програмата остануваат во сила и се поместуваат за еден број наназад.

**Член 3**

Програмата за реконструкција и изградба на локалната патна мрежа во Општина Свети Николе за 2010 година, останува во целост како што е усвоена од Советот на Општината.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0701-849** — **Совет на Општина Свети Николе**
**10.12. 2010 година** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Васко Пашовски с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за висина на средства за чистење на речно корито на река Периш . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

2. Решение за формирање на Комисија за проценка на штета . . . . . . . . . . стр.2

3.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.3

4.Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.4

5.Одлука за дополнување на Програмата за изградба на локалната патна мрежа во Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.5

**Бр.0701-844/3**
**10.12. 2010 година**
**Свети Николе**